Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ (Службен гласник бр.15/24 и 7/25) и член 5 став 1 алинеја 2 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/8 од 01.07.2022 година

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден _.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на финансиски средства од**
**Буџетот на Општина Велес за 2025 година**
**(за елементарна непогода)**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година во висина на _____ денари, на име еднократна парична помош на Маја Цветковска за надомест на материјална штета од удар на гром.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2025 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение и да ги исплати одобрените средства.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

## Образложение

Од страна на Маја Цветковска до Советот на Општина Велес на ден 05.06.2025 година доставено е барање со архивски број 25-3165/1 за добивање на еднократна парична помош за пожар од удар на гром за настан кој се случил на ден 21.05.2025 година на ул.Крали Марко бр.17 во Велес од кој има настанато голема материјална штета (прекин на електрична енергија, оштетена инсталација, зачадени простории, опожарени предмети, мебел и облека, оштетен таван, оштетени прозори и врата, оштетен под).

Од страна на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој при СОВ согласно член 5 став 1 алинеја 2 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/8 од 01.07.2022 година ќе се предложи висината на средствата по основ еднократна парична помош за надомест на материјална штета од удар на гром.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Биро за јавна безбедност
СВР -Велес, ПС -Велес
Рег.Бр. 23.23.4.5-4982/2
Велес, 28.05.2025

03062025

Разгледувајќи го писменото барање од 28.05.2025 година, поднесено од страна на Маја Цветковскка од Велес со живеалиште на ул.Борис Трајковски бр.16/2-5, примено во СВР Велес со архивски бр.23.23.4.5-4982 од 28.05.2025 ја издава следната:

## П О Т В Р Д А

Во врска со вашето поднесено барање СВР Велес потврдува дека:

На ден 21.05.2025 година околу 20.45 часот настанат е пожар во куќа лоцирана на ул.,,Крали Марко,, бр.17 во Велес, сопственост на лицето Маја Цветковска со ЕМБГ 1305985485010 од Велес со место на живеење на ул.Борис Трајковски бр.16-2/5.

Пожарот е настанат на приземјето од куќата поточно во гостинската соба каде настанува запалување на дрвен кауч кој бил веднаш до штекот од каде настанал пожарот по што се проширил и го зафанал и другиот дрвен кауч,клуб маса,регал,компјутер,клима уред 3.5 kw HH марка како и други предмети од покуќнината во опожарената соба. Останатите простории од приземјето не се опожарени односно истите се само зачадени и потемнети од димот. Причината за настанувањето на пожарот е електрична инсталација на куќата.Пожарот е локализиран од страна на екипата од ТППЕ Велес.

Материјалната штета дополнително ќе биде утврдена.

Излезено е на лице-место во 08.30 часот на ден 22.05.2025 година од страна на увидна екипа од СВР Велес со цел утврдување на причината за настанување на пожарот во состав Виш Инс.Зоран Георгиев, Виш Инс.Иса Лимани,Самостоен крим-техничар Андрејче Лазаревски,од ОКТУПА и Инс..Сашко Јанушев и Трајан Симоновски од ООК ОКП.

Лице место беше обезбедено од страна на УПС од ПС.ОН.Велес.

Началник на СВР Велес
Бране Паласков

Изготвил: виш инспектор во ОКТУПА Зоран Георгиев

Контролирал: Началник на ОКТУПА Милчо Стојанов

Согласен: Началник на ООК-ОКП Зоран Јовевски


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk

ОПШТИНА ВЕЛЕС
- Територијална противпожарна единица –

# ЗАПИСНИК
## за констатација

На ден 21. 05 202 5 година, по поднесена пријава бр. 84

Од Јован Пешовски, ______________ за настанат пожар во куќа.

Од страна на службено лице од ТППЕ Велес излезено е на лице место на ден 21. 05. 2025, а во присуство на Маја Цветковска со стан на ул„ Борис Трајковски " бр. 16/2 Велес,

Извршен е увид на лице место и констатирана е следната состојба:
______________________________________________

При интервенцијата ангажирани се ______ возила и ______ пожарникари.

По техничкиот настап на гасење на ожарот настаната е следната материјална штета: кревет, кауч, регал и др.

Записникот е составен на ден 28. 05. 2025 во 13:05 часот и прочитан на сите присутни. изработен во 3 (три) примероци.

Присутни при увидот:
1. Иванов
2. Богданов

Примил: М.Цветковска

Службено лице
Раководител [signature]